**З А П И С Н И К**

Од 37- та седница на Советот на Општина Крива Паланка, одржана на 14.02.2024 година (среда) во салата на општина Крива Паланка’’ со почеток во 09 :00 часот.

**ЕВИДЕНЦИЈА НА ПРИСУСТВО НА СЕДНИЦА**

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Крива Паланка, Изабела Павловска.

Од 19 советници во Советот на општина Крива Паланка, на седницата беа присутни 19 советници.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**:

1. ИЗАБЕЛА ПАВЛОВСКА,

**СОВЕТНИЦИ**

2. МИХАИЛ ДЕЈАНОВСКИ
3. ТАЊА ДЕЈАНОВСКА МИТРОВСКА
4. НИКОЛА ЈАКИМОВСКИ
5. МЕРИ МИТРОВСКА ЈОВАНОВСКА
6. ВЛАТКО С.РИСТОВСКИ
7. МАРТИН ПОЦЕВСКИ
8. БИЛЈАНА КРСТЕВСКА
9. ДАНИЕЛ АНЃЕЛОВСКИ
10. СРЕТИМИР НИКОЛОВСКИ
11. АЛЕКСАНДРА ЈОВАНОВИЌ
12. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ
13. ЕМИЛ СПАСОВСКИ
14. ВИОЛЕТА СТАНКОВСКА СТАНОЈКОВСКА
15. ВЛАТКО Д.РИСТОВСКИ
16. ЛЕНЧЕ ИЛИЕВСКА
17. МЕНДЕ РИСТОВСКИ
18. МОМЕ КРСТЕВСКИ
19. СЛАВИЦА ПЕТКОВСКА

Претседателот со Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинството советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.

На седницата исто така присуствуваа и:

Градоначалник на општина Крива Паланка Сашко Митовски
Секретар на општина Крива Паланка Мартин Николовски
Раководител на раководител на Сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на Градоначалникот Даниела Велковска
Раководител на Сектор за урбанизам,сообраќај,заштита на животна средина и комунална инфраструктура Маја Костадиновска
Раководител на Одделение за комунална инфраструктура и сообраќај Никола Граматиков
Раководител на Одделение на подршка на градоначалник,односи со јавност и информатичка технологија Сања Стојановска
Раководител на инспекциски надзор Бранко Велиновски
Раководител на Одделение за локален економски развој и евроинтеграции Антонио Давитковски
Директор на ЈП Комуналец Мирка Јакимовска

Советник – овластен сметководител Димитар Петровски
Директор на ЈП Калин Камен Јорданчо Миневски

**Д н е в е н р е д:**

1. Предлог-Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина КРИВА ПАЛАНКА за 2024 година;
2. Предлог-Одлука за давање согласност на измената на годишниот план за вработување за 2024 година на ООУ „Св.Јоаким Крчовски„ Крива Паланка ;
3. Предлог-Одлука за усвојување на Извештај за рабата на Јавно претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен - Крива Паланка за 2023 година;
4. Предлог-Одлука за усвојување на Програмата за работа на на ЈП „ Калин Камен “Крива Паланка за 2024 година;
5. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавно претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен бр.02-14/9 од 23.07.2023 година ;
6. Предлог-Одлука за усвојување на финансиски план на ЈП Комуналец Крива Паланка за 2024 година;
7. Предлог-Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по програма за работа на ОСБСП за 2023 година;
8. Предлог – Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2023 година на Општина Крива Паланка ;
9. Предлог-Одлука за усвојување на Извештајат за реализирани активности по програмата за активностите на Општина Крива паланка за подршка на граѓанските здруженија во 2023 година ;
10. Предлог-Одлука за усвојување на извештајот за реализирани активности по Програмата за локален економски развој за 2023 година ;
11. Предлог-Одлука за усвојување на извештајот за реализирани активности по Програмата за млади наОпштина Крива Паланка во 2023 година;

12. Предлог Одлука за усвојување на извештајот за реализирани активности на Локален младински совет на Општина Крива Паланка за 2023 година;
13. Предлог-Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за образование за 2023 година;
14. Предлог –Одлука за усвојување на Извештај за реализирани активности по Програмата на Општина Крива Паланка во областа на спорт за 2023 година ;
15. Предлог-Одлука за доделување на еднократна парична помош на матуранти запишани во СОУ „Ѓорче Петров" Крива Паланка во учебната 2023/2024 година ;
16. Предлог- Одлука за давање согласност на предлог-планот за запишување ученици во прва година во Средното општинско училиште „Ѓорче Петров" од Крива Паланка за учебната 2024/2025 година;
17. Предлог-Решение за разрешување на член на Управен одбор на ОЈУДГ Детелинка ;
18. Предлог – Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2023 година;
19. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2024 година;
20. Предлог –Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност „Еднократна парична помош на деца кои боледуваат од ретки и специфични болести, болест, болнички третмани, хирушки зафати, стари лица и лица во лоша здраствена и економска состојба заради лекување";
21. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност „Еднократна парична помош на лица со попреченост, тешка и длабока попреченост (пречки во менталниот развој, аутизам, потполно слепо лице и потполно глуво лице)";
22. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност „Обезбедување на обука на невработени лица за лична/персонална асистенција и неговател/ка за помош и нега на стари лица";
23. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност „Ваучер за купување на гардероба на лица корисници на услугата на Дневен ценатар за лица со интелектуална и телесна попреченост и лица во згрижувачки семејства евидентирани во ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи-Крива Паланка";
24. Предлог-Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализирани активностите на Општина Крива Паланка во областа на ИКТ во 2023 година;
25. Предлог-Одлука за усвојување на Извештај за реализирани активности по Програмата за култура за 2023 година;
26. Предлог-Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за уредување на градежно земјиште за 2023 година за Општина Крива Паланка;
27. Предлог-Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за изградба, реконструкција и одржување на јавно осветлување за 2023 година за Општина Крива Паланка;
28. Предлог – Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локална патна мрежа за 2023 година за Општина Крива Паланка;
29. Предлог -Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програма за изградба,реконструкција и одржување на локална водоводна и канализациона мрежа во Општина Крива Паланка за 2023 година ;
30. Предлог-Одлука за давање на приоритет за користење на средства од буџетот на Министерство за транспорт и врски за 2024 год. за подршка на имплементација на Декадата и Стратегија за ромите ;
31. Предлог-Одлука за давање на приоритет за аплицирање на проектот „Изградба на канализациона мрежа за дел од с. Конопница" м.в. Трнци , Општина Крива Паланка;
32. Предлог-Одлука за За давање на приоритет за аплицирање на проектот „Изградба на регулација на дел од Куков Дол" , Општина Крива Паланка;

33. Предлог – Одлука за усвојување на извештајот за реализирани активности по Програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2023 година;
34. Предлог-Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2023 година ;
35. Предлог-Одлука за усвојување на извештајот за реалирани активности по Програма за уредување на сообраќајна сигнализација за 2023 на подрачјето на Општина Крива Паланка;
36. Предлог-Одлука за усвојување на извештајот за реализирани активности по Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2023 година ;
37. Предлог-Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за животна средина на Општина Крива Паланка за 2023 година;
38. Предлог-Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за јавна чистота во Крива Паланка за 2023 година ;
39. Предлог-Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за подигање и одржување на урбано зеленило во Крива Паланка за 2023 година ;
40. Предлог-Одлука за определување на име на улици во бесправно изградени населби во Општина Крива Паланка;
41. Предлог-Одлука за усвојување на Извештај - елаборат за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи на територијатана Општина Крива Паланка;
42. Предлог-Одлука за доделување на финансиски сретства на ОУД „Боро Менков„ за исплата на долг по основ на доспеани а неплатени обврски ;
43. Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 5264/1во КО Жидилово, Општина Крива Паланка;
44. Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за за к.п.бр. 3223 и к.п.бр.3224 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка ;
45. Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 3223 и к.п.бр.3224 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка;
46. Предлог-Одлука за примање донација

Председателот со Советот го стави на усвојување дневниот ред на вонредна седница на Совет и истиот е усвоен со 19 гласа ЗА.

## РАСПРАВА ПО ТОЧКА ОД ДНЕВЕН РЕД

1.Предлог-Одлука за давање согласност на измената на годишниот план за вработување за 2024 година на ООУ „Св.Јоаким Крчовски„ Крива Паланка ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 16 советници ,10 гласа ЗА и 6 воздржани ,Советот донесе - **Одлука за давање согласност на измената на годишниот план за вработување за 2024 година на ООУ „Св.Јоаким Крчовски„ Крива Паланка**

2.Предлог-Одлука за усвојување на Извештај за рабата на Јавно претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен - Крива Паланка за 2023 година;

Директорот на ЈП Калин Камен даде образложение

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советничката Ленче Илиевска постави прашање до директорот зошто во Извештајот нема наведено податоци за повеќе вработувања до каде е потапката за организација и систематизација како и Правилник за внатрешна организација на претпријатието.

Директорот даде објаснување дека се чека да се видат потребните профили на претпријатието .

Советничката Ленче Илиевска не е задоволна од одговорот на раководителот според советничката потребно е прво да се направи Правилникза внатрешната организација а потоа целата постапка како треба.

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 17 советници ,11 гласа ЗА и 6 против ,Советот донесе - **Одлука за усвојување на Извештај за рабата на Јавно претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен - Крива Паланка за 2023 година;**

3.Предлог-Одлука за усвојување на Програмата за работа на на ЈП „ Калин Камен “Крива Паланка за 2024 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 17 советници ,11 гласа ЗА и 6 против ,Советот донесе - **Одлука за усвојување на Програмата за работа на на ЈП „ Калин Камен “Крива Паланка за 2024 година**

4.Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавно претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен бр.02-14/9 од 23.07.2023 година ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советникот Менде Ристовски даде забелешка за начинот на кој била испратена одлуката до советниците.

Директорот на ЈП Калин Камен даде објаснување на дадената забелешка од страна на советникот

Советничката Виолета С.Станојковска постави прашање до директорот дали досегашните членови на управниот и надзорниот одбор ги исполнуваат условите на законското барање на ЈП Калин Камен.

Директорот на ЈП Калин Камен даде објаснување

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 17 советници ,11 гласа ЗА и 6 против, Советот донесе- **Одлука за давање согласност на Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавно претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен бр.02-14/9 од 23.07.2023 година**

5.Предлог-Одлука за усвојување на финансиски план на ЈП Комуналец Крива Паланка за 2024 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 17 советници ,11 гласа ЗА и 6 воздржани, Советот донесе- **Одлука за усвојување на финансиски план на ЈП Комуналец Крива Паланка за 2024 година**

6.Предлог-Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по програма за работа на ОСБСП за 2023 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 17 советници ,17 гласа ЗА , Советот донесе- **Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по програма за работа на ОСБСП за 2023 година**

7.Предлог – Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2023 година на Општина Крива Паланка ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советничката Виолета С.Станојковска даде забелешка за бројката за сувенции за еднократна парична помош за новороденчиња затоа што во програмата за социјална заштита стои дека се доделени сувенции на 82 новороденчиња додека во извештајот стои 48 женски и 23 машки така што нешто не е во ред со бројот.
Како и забелешка за сувенции за велосипедисти 29 вкупно од кои 17 женски и 17 машки бројот не се совпаѓа исто така мала забелешка која треба да биде исправена.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 17 советници ,17 гласа ЗА , Советот донесе- **Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2023 година на Општина Крива Паланка ;**

8.Предлог-Одлука за усвојување на Извештајат за реализирани активности по програмата за активностите на Општина Крива паланка за подршка на граѓанските здруженија во 2023 година ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советникот Влатко Д.Ристовски даде забелешка дека во прилог со барањето од страна на граѓанските здруженија би требало да доставуваат извештај за потрошените средства кои им се дадени од страна на општината.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 17 советници ,11 гласа ЗА и 6 воздржани , Советот донесе- **Одлука за усвојување на Извештајат за реализирани активности по програмата за активностите на Општина Крива паланка за подршка на граѓанските здруженија во 2023 година**

9.Предлог-Одлука за усвојување на извештајот за реализирани активности по Програмата за локален економски развој за 2023 година ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 17 советници ,11 гласа ЗА и 6 воздржани , Советот донесе- **Одлука за усвојување на извештајот за реализирани активности по Програмата за локален економски развој за 2023 година**

10.Предлог-Одлука за усвојување на извештајот за реализирани активности по Програмата за млади наОпштина Крива Паланка во 2023 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 17 советници ,11 гласа ЗА и 6 воздржани , Советот донесе- **Одлука за усвојување на извештајот за реализирани активности по Програмата за млади наОпштина Крива Паланка во 2023 година**

11.Предлог Одлука за усвојување на извештајот за реализирани активности на Локален младински совет на Општина Крива Паланка за 2023 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советникот Менде Ристовски упати забелешка дека претставници од Советот на млади би требало да бидат поканети и на комисиите и активно да уччествуваат и тие да даваат нивни предози.

Советникот Никола Јакимовски упати реплика до советникот дека на претставниците од Советот на млади не е предвидено учество на комисиите дека тие треба да присуствуваат на седниците на Совет и ако имаат предлози да ги предлагаат на самите седници и се разбира истите ќе бидат разгледани и ако се во ред подржани.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 17 советници ,11 гласа ЗА и 6 воздржани , Советот донесе- **Одлука за усвојување на извештајот за реализирани активности на Локален младински совет на Општина Крива Паланка за 2023 година;**

12.Предлог-Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за образование за 2023 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 17 советници ,11 гласа ЗА и 6 воздржани , Советот донесе- **Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за образование за 2023 година**

**Претседателот со Советот даде објаснување дека поради оправдани причини мора да ја напушти седницата и која според деловникот за работа на Советот би требало да ја води најстариот член но бидејќи тој е отсутен и како нејзин предлог беше даден седницата да ја води кординаторот на советничката група на СДСМ и коалицијата Тања Д.Митровска и од страна на советниците побара подршка и едногласно беше усвоен.**

13.Предлог –Одлука за усвојување на Извештај за реализирани активности по Програмата на Општина Крива Паланка во областа на спорт за 2023 година ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 16 советници ,10 гласа ЗА и 6 воздржани , Советот донесе- **Одлука за усвојување на Извештај за реализирани активности по Програмата на Општина Крива Паланка во областа на спорт за 2023 година** ;

14.Предлог-Одлука за доделување на еднократна парична помош на матуранти запишани во СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка во учебната 2023/2024 година ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА , Советот донесе- **Одлука за доделување на еднократна парична помош на матуранти запишани во СОУ „Ѓорче Петров“ Крива Паланка во учебната 2023/2024 година**

15.Предлог- Одлука за давање согласност на предлог-планот за запишување ученици во прва година во Средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ од Крива Паланка за учебната 2024/2025 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА , Советот донесе- **Одлука за давање согласност на предлог-планот за запишување ученици во прва година во Средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ од Крива Паланка за учебната 2024/2025 година**

16.Предлог-Решение за разрешување на член на Управен одбор на ОЈУДГ Детелинка

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 16 советници ,16 гласа ЗА , Советот донесе- **Решение за разрешување на член на Управен одбор на ОЈУДГ Детелинка**

17.Предлог – Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2023 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советничката Ленче Илиевска побара објаснување зошто во материјалите доставени од страна на службите има два извештаи во едниот има повеќе активности додека во другиот се изоставени.Советничката смета дека

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 15 советници ,15 гласа ЗА , Советот донесе- **Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2023 година**

18.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2024 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 16 советници ,16 гласа ЗА , Советот донесе- **Програма за изменување и дополнување на Програмата за социјална, детска и здраствена заштита за 2024 година;**

19.Предлог –Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност „Еднократна парична помош на деца кои боледуваат од ретки и специфични болести, болест, болнички третмани, хирушки зафати, стари лица и лица во лоша здраствена и економска состојба заради лекување“;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 16 советници ,16 гласа ЗА , Советот донесе-**Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност**

**„Еднократна парична помош на деца кои боледуваат од ретки и специфични болести, болест, болнички третмани, хирушки зафати, стари лица и лица во лоша здраствена и економска состојба заради лекување**

20.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност „Еднократна парична помош на лица со попреченост, тешка и длабока попреченост (пречки во менталниот развој, аутизам, потполно слепо лице и потполно глуво лице)“;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 16 советници ,16 гласа ЗА , Советот донесе- **Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност „Еднократна парична помош на лица со попреченост, тешка и длабока попреченост (пречки во менталниот развој, аутизам, потполно слепо лице и потполно глуво лице)“;**

21.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност „Обезбедување на обука на невработени лица за лична/персонална асистенција и негувател/ка за помош и нега на стари лица“;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 16 советници ,16 гласа ЗА , Советот донесе- **Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност „Обезбедување на обука на невработени лица за лична/персонална асистенција и негувател/ка за помош и нега на стари лица“;**

22.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност „Ваучер за купување на гардероба на лица корисници на услугата на Дневен ценатар за лица со интелектуална и телесна попреченост и лица во згрижувачки семејства евидентирани во ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи-Крива Паланка“;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 16 советници ,16 гласа ЗА , Советот донесе- **Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност „Ваучер за купување на гардероба на лица корисници на услугата на Дневен ценатар за лица со интелектуална и телесна попреченост и лица во згрижувачки семејства евидентирани во ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи-Крива Паланка“;**

23.Предлог-Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализирани активностите на Општина Крива Паланка во областа на ИКТ во 2023 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 16 советници ,10 гласа ЗА и 6 воздржани , Советот донесе- **Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализирани активностите на Општина Крива Паланка во областа на ИКТ во 2023 година;**

24.Предлог-Одлука за усвојување на Извештај за реализирани активности по Програмата за култура за 2023 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Според советничката Виолета С.Станојковска во овој извештај активностите се во ред но начинот на изработка на Програмата не е според договореното бидејќи за сите активности нема ставено финансиски средства .Советничката имаше забелешка за активноста на 24 Мај бидејќи тука е ставено реализација од 2020/2021 година односно стара активност и истата би требало да биде повлечена.Исто така според советничката требало повеќе да се внимава на естетскиот изглед на извештајот.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 16 советници ,10 гласа ЗА и 6 воздржани , Советот донесе- **Одлука за усвојување на Извештај за реализирани активности по Програмата за култура за 2023 година;**

25.Предлог-Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за уредување на градежно земјиште за 2023 година за Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Според советничката Ленче Илиевска Извештајот во голем дел го опфаќа се она што е предвидено во Програмата за 2023 година.Но советничката имаше зебелешка бидејќи во Програмата има предвидено една активност а во Извештајот има наведено реализација на други активности но би било во ред да има преализација на повеќе активности .Советничката постави прашање за улица 17 Македонска Бригада и споредните улици кои минатата година биле реконструирани и била уништена атмосферската канализација што за таа улица претставува голем проблеми дали надзорот има дадено одобрение улицата да се пушти во употреба со претходно постоечката атмосферска канализација кој сега е уништена истата и дали повторно ќе функционира.

Раководителот Никола Граматиков даде објаснување

Советничката Ленче Илиевска не се согласува со одговорот на раководителот и смета дека атмосферската канализација која е уништена при реконструкција на улицата би требало да се врати во првобитната состојба .

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 16 советници ,10 гласа ЗА и 6 воздржани , Советот донесе- **Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за уредување на градежно земјиште за 2023 година за Општина Крива Паланка;**

26.Предлог-Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за изградба, реконструкција и одржување на јавно осветлување за 2023 година за Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Според советничката Виолета С.Станојковска една од причините поради која нејзината советничка група беше против задолжувањето на општината и враќањето на кредитот од ЈПП .Во извештајот за 2023 година ги има наведено обрските кои ЈПП ЕСКО треба да ги реализира во наредните 72 месеци но што ако општината ги врати комплетно сите средства како тогаш се планира да бидат остварени наведените обврски од нивна страна може ќе останат нереализирани.

Градоначалникот даде објаснување

Советничката Виолета С.Станојковска упати реплика до градоначалникот бидејќи беше кажано како едно најдобро решение а сега слушаме други предмети на договори за да се најде конечно решение за решавање на проблемот.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,12 гласа ЗА и 6 воздржани , Советот донесе- **Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за изградба, реконструкција и одржување на јавно осветлување за 2023 година за Општина Крива Паланка;**

27.Предлог – Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локална патна мрежа за 2023 година за Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,12 гласа ЗА и 6 воздржани , Советот донесе- **Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локална патна мрежа за 2023 година за Општина Крива Паланка**

28.Предлог -Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програма за изградба,реконструкција и одржување на локална водоводна и канализациона мрежа во Општина Крива Паланка за 2023 година ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,12 гласа ЗА и 6 воздржани , Советот донесе- **Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програма за изградба,реконструкција и одржување на локална водоводна и канализациона мрежа во Општина Крива Паланка за 2023 година ;**

29.Предлог-Одлука за давање на приоритет за користење на средства од буџетот на Министерство за транспорт и врски за 2024 год. за подршка на имплементација на Декадата и Стратегија за ромите ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,18 гласа ЗА , Советот донесе- **Одлука за давање на приоритет за користење на средства од буџетот на Министерство за транспорт и врски за 2024 год. за подршка на имплементација на Декадата и Стратегија за ромите**

30. Предлог-Одлука за давање на приоритет за аплицирање на проектот „Изградба на канализациона мрежа за дел од с. Конопница“ м.в. Трнци , Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,18 гласа ЗА , Советот донесе- **Одлука за давање на приоритет за аплицирање на проектот „Изградба на канализациона мрежа за дел од с. Конопница“ м.в. Трнци , Општина Крива Паланка**

31.Предлог-Одлука за давање на приоритет за аплицирање на проектот „Изградба на регулација на дел од Куков Дол“ , Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,18 гласа ЗА , Советот донесе- **Одлука за давање на приоритет за аплицирање на проектот „Изградба на регулација на дел од Куков Дол“ , Општина Крива Паланка;**

32.Предлог – Одлука за усвојување на извештајот за реализирани активности по Програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2023 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Според советникот Менде Ристовски во програмата за 2023 година има наведено повик и кампања за домување на животни и вклучување на граѓаните во програмата воведување на статус старател на бездомни животни но во извештајот нема наведено и советникот побара објаснување дали имало таква кампања.

Маја Костадиновска даде објаснување дека тој дел од програмата не е реализиран.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,12 гласа ЗА и 6 воздржани , Советот донесе- **Одлука за усвојување на извештајот за реализирани активности по Програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2023 година;**

33.Предлог-Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2023 година ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,12 гласа ЗА и 6 воздржани , Советот донесе- **Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2023 година ;**

34.Предлог-Одлука за усвојување на извештајот за реалирани активности по Програма за уредување на сообраќајна сигнализација за 2023 на подрачјето на Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,12 гласа ЗА и 6 воздржани , Советот донесе- **Одлука за усвојување на извештајот за реалирани активности по Програма за уредување на сообраќајна сигнализација за 2023 на подрачјето на Општина Крива Паланка**

35.Предлог-Одлука за усвојување на извештајот за реализирани активности по Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2023 година ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,18 гласа ЗА , Советот донесе- **Одлука за усвојување на извештајот за реализирани активности по Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2023 година ;**

36.Предлог-Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за животна средина на Општина Крива Паланка за 2023 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советничката Ленче Илиевска упати пофални зборови за извештајот кој ја отсликува програмата.Исто така советничката постави прашање коај е причината зошто поголемиот дел на активности не се реализирани а има предвидено финансиски средства и како второ прашање во делот на селекција на отпад наведено е дека се склучени договори со економски оператори но се уште не се поставени соодветни садови за селекција на отпад која е причината за тоа.

Маја Костадиновска даде објаснување

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,12 гласа ЗА и 6 воздржани , Советот донесе- **Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за животна средина на Општина Крива Паланка за 2023 година;**

37.Предлог-Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за јавна чистота во Крива Паланка за 2023 година ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советничката Ленче Илиевска постави прашање во делот на одржување на санитарни јазли односно на јавните тоалети предвидено во програмата со наведни средства се разликуваат во извештајот каде стои извршена поправка на контејнери и поставување буриња за отпадоци при што двете активности се разликуваат дали се работи за некаква грешка.

Претставник од ЈП даде објаснување дека се работи за техничка грешка која ќе биде исправена.

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 17 советници ,11 гласа ЗА и 6 воздржани , Советот донесе- **Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за јавна чистота во Крива Паланка за 2023 година ;**

38.Предлог-Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за подигање и одржување на урбано зеленило во Крива Паланка за 2023 година ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,12 гласа ЗА и 6 воздржани , Советот донесе- **Одлука за усвојување на извештај за реализирани активности по Програмата за подигање и одржување на урбано зеленило во Крива Паланка за 2023 година ;**

39.Предлог-Одлука за определување на име на улици во бесправно изградени населби во Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,18 гласа ЗА , Советот донесе- **Одлука за определување на име на улици во бесправно изградени населби во Општина Крива Паланка;**

40.Предлог-Одлука за усвојување на Извештај - елаборат за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи на територијатана Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 17 советници ,17 гласа ЗА , Советот донесе- **Одлука за усвојување на Извештај - елаборат за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи на територијатана Општина Крива Паланка;**

41.Предлог-Одлука за доделување на финансиски сретства на ОУД „Боро Менков„ за исплата на долг по основ на доспеани а неплатени обврски ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 17 советници ,17 гласа ЗА , Советот донесе- **Одлука за доделување на финансиски сретства на ОУД „Боро Менков„ за исплата на долг по основ на доспеани а неплатени обврски ;**

42.Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 5264/1во КО Жидилово, Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 17 советници ,17 гласа ЗА , Советот донесе- **Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 5264/1во КО Жидилово, Општина Крива Паланка;**

43.Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за за к.п.бр. 3223 и к.п.бр.3224 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 17 советници ,17 гласа ЗА , Советот донесе- **Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за за к.п.бр. 3223 и к.п.бр.3224 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка**

44.Предлог-Одлука за примање донација

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 17 советници ,17 гласа ЗА, Советот донесе - **Одлука за примање донација**

Записничар<br>Клара Стевановска

Претседател на Совет<br>Изабела Павловска